**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седумдесет и деветата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 29 август 2001година**

Седницата се одржа во Собранието во Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,55 часот.

Седницата ја отвори и на неја претседаваше Г.Ѕвонко Мирчевски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници ве молам да си ги заземете своите места за да да почнеме со работа.

Дами и г-да пратеници,

Ја отворам 79-та седница на Собранието на Република Македонија

Ве молам да притисните едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата моментално присуствуваат 69 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на РМ Г. Борис Трајковски и претседателот и членовите на Владата на РМ.

Владата на РМ предлага на оваа седница под итна постапка да се донесе законот за изменување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2001 година.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основата и неодложанта потреба од итно донесување на овој закон.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Со оглед дека се изврши изменување и дополнување на Буџетот за 2001 година се наметнува потребата за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на иворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2001 година.

Не се работи за некои промени на овој закон. Истиот потребно е да се донесе во што е можно пократок рок односно со донесување и изменувањето на Буџетот оди заедно, така што предлагам ако може заради овие причини да се донесе по итна постапка.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници 53 гласале за осум воздржано, и двајца против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Владата на РМ предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог за донесување на закон за капитално финансиско пензиско осигурување.

Предлогот за донесување на законот ви е доставен.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 69 пратеници, 63 гласале за, шест воздржани а притив нема,.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе закон за изменување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите за 2001 година.

Предлогот на законот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Почитуван потпретседателе на Собранието, почитувани дами и г-да пратеници.

Согласно измените на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во РМ за 2001 година, усвен од страна на Собранието на РМ во мај оваа година пописот треба да се спроведе за период од 1 до 15 октомври оваа година. Но, воедно согласно одредбите на овој закон Министерството за одбрана и Министерството за правда го спроведуваат попишувањето на лицата на отслужување на воениот рок и на лицата кои се во притвор или на издржување на казни затвор во казнено поправните домови и тоа во период од 1 во 15 септември 2001 година.

Имајќи го ова предвид Владата на РМ разгледувајќи ја состојбата во земјата и условите кои треба да се обезбедат за обезбедување на пописот и обезбедување на целосен опфат на пописните единици оцени дека не постојат реални услови за

спроведување на пописот во заокнски утврдените рокови.

Од наведените причини Владата на РМ на денешната седница на Собранието му предлага:

Собранието законот за изменување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во РМ да го донесе по итна постапка а со тоа се предлага презакажување на спроведувањето на пописот од оваа 2002 година.

**SВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 70 пратеници 53 гласале за шест воздржано, и единасет против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Комисијата за одбележување годишнини на значајни настани и личности предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на програма за одбележување на годишнини , значајни настани и личности во 2001 година заради потребата од превземање на активности за нејзина реализација.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека немаме кворум.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека ги преборјат пратениците во салата.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Бидејќи од 59 пратеници гласале 50 за, три воздржани и шест против ги молам службите да ги изборјат присутните пратеници во салата.

( службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата се присутни 69 пратеници.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледа Предлогот на одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседател на членови на комисиите на Собранието на РМ.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Предлогот го ставам на гласање,

Ве молам да гласаме.

Од 64 пратеници 56 гласале за, четири водржано и четири против

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Поради потребата законот за изменување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2001 година да се донесе со изменувањето и на дополнувањето на Буџетот на РМ за 2001 година, како и поради потребата од што поскоро донесување на актите за кои што Собранието одлучи да бидат разгледани на оваа седница предлагам Предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 63 пратеници 55 гласале за , еден воздржан и седум против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на закон за изменување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2001 година;

2. Предлог на закон за изменување на Законот за попис на населението домаќинствата и становите во РМ за 2001 година;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за капиталот, финансиско пензиско осигурување;

5. Предлог на Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2001 година;

6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на РМ;

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 68 пратеници 60 гласале за, четири воздржани, четири против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на РМ да се разгледа пред другата точка од дневниот ред.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ве молам да го повториме уште еднаш гласањето, затоа што очигледно некој од пратениците не гласале.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеници, 56 гласале за, тројца воздржани и тројца против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Минуваме на точката шест - Предлог на одлука за изменвување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на РМ.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеници за гласале 52, воздржани двајца и осум против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собрането на РМ.

Минуваме на точката 1, Предлог на закон за изменување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2001 година.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Горѓи Котевски поднесе амандман на член 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа аманадманот.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

констатирам дека амандманот ќе биде составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по Текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 64 пратеници 59 гласале за, воздржани двајца и тројца против,

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2001 година.

Минуваме на точката 2,- Предлог на закон за изменување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во РМ за 2001 година.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници за гласале 53, воздржани четири, и против шест.

Констатирам дека Собранито го донесе Законот за изменување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во РМ во 2001 година.

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменуање и дополнување на Законот за Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 68 пратеници, 63 гласале за, воздржани тројца и против двајца.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 67 пратеници 61 гласале за, воздржан еден и против еден.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на предлгот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани за менување на член 1 за додавање нов член 1-а поченот 1 за менување на член 2, член 3, како и на член 3 за менување на новиот член 6-6 со кој се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по Текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 74 пратеници за гласале 69, воздржани тројца , и против двајца.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за дирекцијата за цивилна воздушна пловидба.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Минуваме на точката 4. Предлог за донесување на закон за капитално финансиско пензиско осигурување.

Предлогот за донесување на Законот и извештајот на Комисијата за труд и социјална политика, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Колеги пратеници, како што гледате самите и како што може да се забележи, овој е многу важен и битен закон за функционирање на политичкиот систем на Република Македонија и реформите кои се заговараат.

Основите на праватното пензиско капитално осигурување се утврдени некаде во 2000-та година. Во тој поглед се водеше доста конструктивна и издржавна расправа во делот на тоа дали треба во овој степен на развој на економските и политичките односи во Република Македонија, да се воведе т.н. трет столб, или втор столб, а тоа е т.н., приватно капитално или приватно задолжително финансирање во пензискиот систем.

Овој парламент го усвои тој заклучок, што значи, нема дилема дали има потреба од донесување на овој закон.

Потребата од донесување на овој закон е утврдена во Законот за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Значи, ние во нашата расправа треба да придонесеме во делот на доизградување, односно на утврдување на подобри основи и начела во функционирање на приватното капитално финансиско осигирување.

Во таа смисла, би саскал да укажам неколку работи пред се, овој систем на приватно капитално осигирување ќе се имплементира подолг период, а како што истакнав тоа е решено и во претходниот закон.

Ние решивме 20 одсто од стафката на придонес на секој вработен, да се издвојува 7% за приватното капитално осигурување, 13% за задолжителното и т.н. солидарно.

Што значи, право за влегување во овој систем по сила на законот имаат сите оние нововработени, а додека сите други, кои имаат 15 години работен стаж, треба да одлучуваат врз основа на сопствени одлуки.

Врз основа на овие укажувања, сметам дека во основа законот и законските решенија ги задоволуваат потребите во оваа прва фаза и како што истакнав, нема потреба од некоја дилема, дали има потреба за донесување.

Со овој закон се воведуваат огромен број институции, пред се, како во правниот дел на пензискиот систем, така и во финансискиот дел. Се воведуваат пензиските фондови, друштвата за управување со пензиските фондови и пензиската агенција.

Што е основно што треба да се истакне.

Основно е да се истакне дека во оваа фаза, во делот на пензиските фондови, со Законот се предвидуваат два приватни пензиски фонда, со што би се обезбедила одредена конкуренција. Понатаму, сигурно би можеле да се формираат и други.

Во тој дел еден од овие два пензиски фонда, е за размислување или понатаму, или, предлагачот треба да биде основач од странки лица, и странски капитал.

Еден од битните елементи, што парламентот треба да му укаже на предлагачот, а тоа е најважниот дел, бидејќи, сите оние кои ќе издвојуваат од својот работен век по 7%, на крајот имаат индивидуална сметка и врз основа на таа индивидуална сметка, и врз основа на фондовите кои управуваат со овие средства, врз основа на капитални вложувања и врз основа на вложување на инвестиции, Законот дава алтернативно решение на граѓаните да се одлучат, дали парите ќе ги примаат во ануитет, што значи во определен рок, врз основ ана годините на живеење, или парите ќе ги примаат со програмирано повлекување врз основа на своја динамика.

Мислиме дека подобро би било решението, јас би го истакнал мислењето, бидејќи овој закон беше разгледан на Комисијата за труд и социјална политика, да се прифати решението на ануитетно, во однос на годините, а не додека е програмирано. И да се остави на желбата на граѓанинот кој издвојува средства, врз основа на една солидарност и сигурност.

Исто така има одредени забелешки, кои би сакал да ги истакнам а тоа е најважниот дел. Ние во основниот закон за ПИО решивме една многу важна и битна работа. Бидејќи, овие фондови ќе работат со ризик односно ќе работат на пазарот на пари, односно на пазарот на инвестиции, доколку овие фондови дојдат до остварување на закони, или до ликвидација, тогаш буџетот на Република Македонија ги покрива овие фондови. Во тој дел мислам е битно прашањето во делот на основањето на фондовите и на оваа воведена институција, таканаречена чувар на пензискиот фонд.

Со основните решенија на Законот, се нуди чувар на пензискиот фонд да бидат банките во Република Македонија, односно комерцијалните банки.

Јас лично сметам дека треба предлагачот да ја испита можноста "чувар" на приватните или капиталните пензиски фондови да биде Народната банка на Република Македонија, а комерцијалните банки со свој капитал да се вклучат за основање на пензиските друштва, бидејќи, во Македонија многу тешко може да се најде капитал, согласно условите кој ги бара овој закон, за формирање на пензиски фонд.

Со тоа мислам дека Народната банка на Репбулика Македонија, врз основа на согласност на Законот за народна банка, би ја извршила улога во делот на сигурноста на средствата, кои се издвојуваат за овој дел.

Тоа се основните заблеешки.

Јас би сакал сега пред овој парламент сите заеднички да и укажеме на Владата на Република Македонија, за една многу битна и важна работа.

Ние во Законот за ПИО, требаше овој закон да го донесеме односно да се имплементира од септември. Многу е битно времето на имплементацијата на овј закон за приватниот пензиски фонд, кога ќе се имплементира, бидејќи свесни сме за постојната економска состојба. Свесни сме за состојбата во буџетот на РМ, кој е гарант за овие приватни пензиски фондови. Бидејќи, со усвојувањето на овој закон, мораме да бидеме свесни дека досегашните пензионери кои се финансираат на таканаречениот државен столб,, или столб на солидарно финансирање, нема да ги добиваат оние средства кои досега ги добиваа.

Што значи, досега, во фондот за ПИО,влегуваат 20% од платата на сите вработени, а сега ќе влегуваат 13%. Да не ја направиме основната грешка врз основа на состојбата во буџетот и оние пензионери, кои ги заслужија своите пензии и кои сега редовно ги добиваат, а со тешка мака е избалансиран буџетот на Фондот за ПИО, а свесни сме дека од средствата на Телекомот и од средствата на Буџетот на РМ, се дотира Фондот за ПИО, па затоа треба да размислиме за втората фаза, Владата кога ќе го имплементира овој закон, водејќи сметка за сите забелешки. Бидејќи сакајќи да направиме нешто подобро, да не направиме сегашните пензионери да ги оставиме без овие пензии, кои ги примаат врз основа на својот минат труд, и своите

достигања и придонеси што ги давале во овој план.

Затоа предлагам парламентот да го поддржи овој закон во оваа прва фаза, со овие забелешки, а јас би сакал да истакнам дека матичната комисија за труд и социјална политика го поддржа овој закон и му предлага на Собранието да го поддржи.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Александар Гештаковски.

Дали некој друг бара збор?

Заменикот на министерот на Министерството за труд и социјална политика.

Почитувани пратеници, претседателот на матичната комисија, г-динот Гештаковски, даде едно опширно образложение, за потребата од донесувањето на овој закон. И мислам дека, како што имаше поддршка од матичната комисија ќе има подршка и од останатите пратеници и би сакал да истакнам дека со Законот за изменување и дополнување на Законот за ПИО, донесен во март 2000 година, се воспостави повеќеслоен пензиски систем.

Новиот пензиски систем е составен од ПИО, врз основа на генерациска солидарност и капитално финансирано пензиско осигурување, преку кој граѓаните на Република Македонија опфатени во ова осигурување ќе обезбедуваат материјална и социјална сигурност.

Со тој закон се поставија основите на капиталното финансирано пензиско осигурување, што истовремено е причина за донесување на овој закон, во кој поблиску системски се уредува обезбедување на материјални и социјална сигурност, врз основа на капитализација на друштвото.

Капитално финансирано осигурување, радикално се разликува од постојното тековно финансирано осигирување, во однос на третманот и регистрирањето на уплатените придонеси.

Имено, секој член на вториот столб има индивидуална сметка, на која се регистрираат неговите уплатени придонеси и приносот од инвестициите, што во голема мера наликуваат на штедење.

За ова осигурување е карактеристично што пензиите се актуарски се поврзани со придонесите. Идната пензија ќе зависи од акумулираните средства на индивидуалната сметка, чиј износ зависи од стапката на придонесот, движењето на платите, стапката на придонес од инвестициите и годинтие на придонесување во системот, како и од очекуваното траење на животот при пензионирање. односно очекуваниот период на користењето на пензијата.

Значајна карактеристика на втоиориот столб е што тој е приватно и конкурентно управуван, така што уплатените придонеси се инвестираат од друштвата за управување, со средствата на пензиските фондови.

На овој начин се обзебедува дека економските цели ќе ја одредат инвестиционата стратегија, создавајќи можност за асимилирање на целокупниот принос. Ова се обезбедува со деверсификација на инвестициите , вклучувајќи и меѓународна деверсификација која е една од неопходните карактеристики во овој систем.

Предлогот за донесување на законот за капитално финансирано ПИО е заснован на следните основни начела: задолжителност во капиталното финансирање ПИО, второ, заштита на интересите на членовите на пензиските фондови, трето, обезбедување средства за материјална и социјална сигурност на осигурениците четврто, зависност на правата од должината и обемот на вложувањата петто, сигурност на средствата на пензиските фондови и шесто, деверификација на пензиските фондови.

Со цел да се заштитат интересите на членовите на најдобар начин, при градењето на структурата на капитално финансираното ПИО односно вториот столб круцијални се следните елементи: стандарди за друштвата кои ќе управуваат со пензиските фондови, инвестирањето, механизам на надгледување и спроведување,чувар на средствата на пензиските фондови, гаранциите, исплатите на пензиите, ограничување на провизиите, објавување на информациите и друго.

Согланос предлогот на Законот, секој пензиски фонд, ќе биде управуван од посебно друштво за управување со пензиски фонд и тоа мора да биде со силен капитал и со добар менаџмент со искуство, да се обезбеди сигурност на членовите на пензиските фондови.

Пензиските фондови претставуваат многу специфичен вид финанансиска институција.

Придонесите од осигурениците задолжително се собираат и потоа се предаваат на приватни менаџери за управување со средствата.

Заради тоа фондовите од оваа природа треба да подлежат на високо ниво на заштита.

Од големо значење е да се основа пензиска агенција за супер визија која соодветно ќе одговори на потребите на учесниците во вториот столб.

Агенцијата мора да има јасни правила за регулатива и спроведување на право на давање и одземање на дозволите во оправдани случаи.

Агенцијата треба да биде независна и за таа цел треба да има соодветен буџет, неопходни физички и технички ресурси и обучен персонал.

Најзначајно е Агенцијата да биде независна, со единствена цел, а тоа е заштита на интересите на членовите и развој на капитално финансирано ПИО, кој ќе биде интегрален дел на социјалното осигурување на Репбулика Македонија.

Тргнувајќи од фактот дека Македонија има недоволно развиен пазар на капитал во предлогот на законот се поаѓа од дефинирање на инвестициони цели и инвестициони средства со кои може да се инвестира Инвестициони ограничувања во рамките на средствата, забранети инвестиции и ограничување и контрола на конфликт на интереси. Сигурноста и заштитата на средствата на членовите, пред се, ќе се постигне со одвојување на тие средства, од средствата на друштвата, кои управуваа со пензискиот фонд, вклучувајќи ги на посебна сметка на чуварот на имотот на пензиските фондови.

Се смета дека е многу важно во Законто да се уреди делот на гаранциите за изведба и сигурност на пензиите.Со основањето на гаранциите се зголемува довербата кај јавноста на системот, со цел да се зачува заштитата на вредноста на пензиите.

Според тоа, во овој закон се бара гаранција, во случај да се појави измама, или некакво криминално дејствије и како последица на тоа, ако се исцрпат средствата на фондот, тогаш од буџетот на РМ, ќе се надомести загубата од 80%.

Општа и заедничка цел на целокупниот пензиски систем е да се исплатат пензии на осигурениците за кои се плаќа придонес и за ПИО, независно дали тоа ќе биде околу обезбедување на ануитет од соодветната институција, или преку програмирано извлекување на средствата од друштвото кое ќе управува со пензискиот фонд.

Една од најголемите разлики помеѓу новиот систем на капитално финансирање пензии и пензиите врз основа на генерациска солидарност што се обезбедува од Фондот на ПИО, е дека друштвото за управување со пензиските фондови, во новиот систем работат на профитна основа: заработувачката и трошоците ќе бидат покриени со наплатување на надоместоци, односно провизии, па затоа е важно провизиите да се наплаќаат на јасен и транспарентен начин. Така што, членовите, а понатаму и идните членови да можат да разберат како и колку ќе плаќаат.

Поточно, во Предлогот на законот се дефинира кои провизии можат да се наплаќаат и тоа провизки од придонесите и провизии од нето управуваните средства на фондот.

Капитално финансираното ПИО нуди висок степен на транспарентност, што претставува една од неговите важни карактеристики, за разлика од пензискиот систем, врз основана генерациската солидарност односно систем, каде што лицата можат да избират помеѓу конкурентни фондови.За правилно функционирање на систмеот, неопходно е да им се обезбеди соодветни информаици и пред, и во текот на членувањето.

Исто така, значајно е дека друштвата за управување со пензиските фондови, се обврзани да обезбедуваат информации до агенцијата, со цел да може таа правилно да ги извршува своите функции.

Имајќи ги предвид сите горни можни елементи, уредени на начин со кој треба да се посгигне макцимална сигурност, и заштита на учесниците во ПИО, истовремено, ќе се обезбеди соодветен пензиски систем на дол рок.

Почитувани пратеници, предлогот за донесување на законот за капитално финансирано ПИО, за кој днеска се води расправа, претставува законски проект, што е дел од пакетот на законите, што се однесуваат на реформите на пензискиот систем во Република Македонија.

**SВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на РМ, го усвојува предлогот за донесување на закон за капитално финансиско ПИО.

Второ, Владата на РМ, ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што, ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на РМ.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на РМ, да се достави до Владата на РМ, и Министерството за труд и социјална политика.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Од 63 пратеника, 60 гласале за, воздржан е 1, против се двајца пратеници.

Според тоа, констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ**:

Минуваме на точката 5 - Предлог на програма за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2001 година Предлогот на програмата и извештајот на Комисијата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности и дописот на Владата на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Со оглед на нарушената политичко безбедносна состојба во Република Македонија, а исто така со оглед на нарушениот интензитет на работата на Собранието на Република Македонија Програмата што беше предложена на почетокот на годината, бидејќи рамковно е определена за една година не можеше да дојде на дневен ред. Денеска некако дојде на дневен ред и сакам да ве информирам дека дел од таа програма надлежните министерства и институции ги реализираа активностите, меѓутоа и покрај тоа што е нарушена политичко безбедносната состојба во нашата Република сметам дека е достојно време да се оддолжиме на определени настани и личности и оној дел кој што е останат токму во овие моменти треба навистина на многу достоинствен начин да ги одбележиме годишнините на значајни настани и личности, кои што според програмата се од посебно значење за државно-правниот развој на Република Македонија за афирмација на нејзиното историско и културно наследство и за негувањето на општо цивилизациските вредности.

За да го оствариме тоа сметам дека после усвојувањето, се надевам дека ќе ја усвоиме оваа програма под итно надлежната Комисија за прашања на изборите и именувањата да ги оформи потребните одбори на оние точки од програмата на кои што носител е Собранието на Република Македонија со оглед на тоа што имаме карактеристични датуми. Така на пример во една точка ние како Комисија предлагаме да се одбележат дури и пет значајни датуми кои што се случија 1991 година. Тоа е Десет години од конституирањето на Првото повеќепартиско Собрание Десет години од изборот на првиот претседател; Десет години од изборот на Првата експертска Влада; од одржувањето на Референдумот и од донесувањето на Уставот. Тоа не е врзано за датуму како што се случувале тие настани 1991 година, но нашиот предлог е со едно единствено одбележување на сите тие значајни датуми да се одбележат што сметам дека Одборот што би го формирал овој Парламент ќе понуди солидна програма.

Исто така, уште два три датуми, не негирајќи ги останатите сакам да ги напоменам. Тоа се 60 години од почетокот на вооруженото востание во Република Македонија и 60 години од Првото исполнување на химната на Република Македонија "Денес над Македонија се раѓа". Според тоа со овие напомени ценам дека почитувани пратеници ќе ја прифатите програмата иако е доцна, затоа што мислам дека доследно ќе се оддолжиме и ќе ги одбележиме сите предвидени годишнини на значајни настани и истакнати личности.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Комисијата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности поднесе амандман на член 5 за менување на ставот 2 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на програмата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на програмата Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

(Службите на неколку пати ги пребројуваат присутните пратеници во салата и се констатира дека нема доволен број пратеници.)

Почитувани колеги пратеници со оглед на тоа што во овој момент констатирам дека немаме кворум, ја прекинувам седницата.

Давам пауза од 40 минути, после тоа ќе продолжиме со работа.

(Седницата прекина со работа во 13,50 часот).

(По пауза)

(Седницата продолжи со работа во 15,55 часот)

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитувани колеги пратеници.

Пред да продолжиме со работа ве молам да притиснете на едно од копчињата од системот за гласаше за да утврдиме колкав е бројот на присутните пратеници во салата.

Констатирам дека имаме кворум за работа.

Да ве информирам почитувани колеги пратеници дека со координаторите на пратеничките групи се договоривме денес да работиме до 18,30 часот.

Продолжуваме со седницата онаму каде што застанавме односно со гласање по Предлогот на програмата.

Ве молам да го вклучите системот за гласање.

Од вкупно 70 пратнеици, за гласале 60, воздржани 6 и против 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2001 година.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Седумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 16,00 часот).